**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1303-68/1**

**Скопје, 17.01.2007 година**

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
**ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА – СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на сметката побарувања од купувачи-граѓани и нивното вредносно усогласување содржани во Прегледот на Јавното претпријатие Водовод и канализација-Скопје ( во понатамошниот текст Водовод и канализација ) за 2005 година, кој е прикажан на страна 6 - 8.

2. Ревизијата на побарувања од купувачи-граѓани и нивното вредносно усогласување од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Водовод и канализација Скопје за 2004 година, за кои ревизијата не изрази мислење.

4. Побарување од купувачите-граѓани и нивното вредносното усогласување од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Јане Ценев - директор од 01.01.2005 до 26.04.2005 година;
   - Слободан Димитровски - вршител на должноста директор за период од 27.04.2005 до 16.08.2005 година и
   - Миле Јанакиески – директор за период од 16.08.2005 до 25.08.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за сметката вредносно усогласување на краткорочните побарувања од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 22.11.2006 до 29.11.2006 година.

7. Цел на ревизијата на сметката вредносно усогласување на краткорочните побарувања од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

- дали сметката вредносно усогласување на краткорочните побарување-граѓани е ослободена од материјални погрешни прикажувања, вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

**Пристап на ревизијата**

9. При вршење на ревизијата применети се постапките на планирање на ревизијата, тестирање на исправноста и целоста на податоците содржани во вредносното усогласување на побарувањата и усогласеноста со законските прописи и Мегународните сметководствени стандарди и известување за резултатите од извршените ревизорски постапки.

10. Со ревизијата на сметката вредносно усогласување на краткорочните побарувања-граѓани дадени во Прегледот од Јавното претпријатие Водовод и канализација Скопје за 2005 година, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. Не се превземени активности за пропишување на политики за начинот на признавање и отстранување на краткорочните побарувања во финансиските извештаи и нивно доследно применување, спротивно на Мегународните сметководствени стандарди и Правилникот за содржината на одделните сметки во Сметковниот план. Непревземањето на потребните активности и непропишувањето на наведените политики предизвикува Јавното претпријатие за тужените/сомнителните и спорни побарувања да не превземе активности за нивно соодветно евидентирање/вредносно усогласување, кое има за ефект, нереално и необјективно искажување на наведените побарувања во трговските книги, намалување на квалитетот на: финансиските извештаи и релевантноста и веродостојноста на информациите кои ги даваат истите. Јавното претпријатие во текот на 2006 година ги пропишало погоре наведените политики.

10.1.2. Водовод и канализација во текот на 2005 година пристапува кон склучување на договор за набавка на информатичка структура, со која ке се отстранат констатираните состојби и неправилности во функционирањето на Bilingot ( систем за изработка на сметки и наплата на побарувања од домакинства) односно давање на старосна структура на побарувањата како основа за превземање на активности за нивно отстранување согласно МСС. До денот на ревизијата не е извршена целосна имплементација на наведеното софтверско решение кое ке овозможи продуцирање на податоци односно

структурирање на побарувањата според нивната старосна структура. Ваквата состојба предизвикува: немање увид во старосната структура на побарувањата, непревземање на активности за нивно отстранување и намалување на квалитетот на финансиските извештаи.

**Препораки и мерки:**

1. Водовод и канализација да обезбеди доследно почитување на пропишаните политики и обезбеди континуирана едукација на вработените од областа на Мегународните сметководствени стандарди.

2. Менаџментот на Водовод и канализација да превземе мерки и активности за интензивирање на активностите за имплемнентирање на новите софтверски решенија и обезбедување на став на поддршка за нивно непречено функционирање.

10.2. **Вредносно усогласување на краткорочните побарувања**

10.2.1. Во годишната сметка за 2005 година, односно во Билансот на успех на позицијата Вредносно усогласување на краткорочните средства е искажан износ од 192.850 илјади денари кој се состои од следното:

- износот од 242 илјади денари произлегува од отпис на залихите;
- износот од 9.605 илјади денари произлегува од отпишани побарувања од купувачи во стечај;
- износот од 19.072 илјади денари се отпишани застарени побарувања од правни и физички лица за извршени услуги,
- износ од 163.931 илјади денари се отпишани побарувања од граѓани за вода и смет.

За извршениот отпис на ненаплатените и застарени побарувања искажани на позицијата Вредносно усогласување на краткорочните средства на предлог на пописната комисија од Управниот одбор донесена е Одлука број 02-1452/3-1 од 08.02.2006 година. Во сметководството е констатирано дека искажаната состојба на позицијата Вредносно усогласување на краткорочните средства за побарувањата од граѓани за вода и смет не одговараат на фактичката состојба. Поради тоа Управниот одбор на седницата одржана на ден 09.05.2006 година донел Одлука заведена под број 02-5095/8 од 10.05.2006 година за формирање на комисија која има за задача да направи деталнa анализа на извршениот отпис и за истото да достави Извештај најдоцна до 15.05.2006 година. Комисијата констатирала дека вредносното усогласување на побарувањата од граѓани за вода и смет треба да изнесува 88.057 илјади денари, а не 163.931 илјади денари колку што е евидентирано во сметководствената евиденција и содржано како трошок во позицијата Вредносно усогласување на краткорочните средства во Билансот на успех за период од 01.01. до 31.12.2005 година. На 17.05.2006 година Управниот одбор донел Одлука заведена под број 02-5361/4 од истата дата за измена на Одлуката за отпис на ненаплатените и застарени побарувања од физички и правни лица со која се потврдува горенаведената состојба.
Со увид во документацијата врз основа на која се искажани трошоци за вредносно усогласување е констатирано дека истите треба да изнесуваат 88.057 илјади денари поради следното:

Водовод и канализација при отпис на застарените побарувања од граѓани за вода и смет кои потекнуваат од 2001 година неправилно го зголемил трошокот за отпис на побарувањата за вода и смет за износ од 88.057илјади денари. Имено при отписот на застарени побарувања не се имало во предвид дека побарувањата од граѓани се по основ на вода и смет, односно за износот на сметот се створа обврска спрема ЈП Комунална хигиена –Скопје. Освен тоа дел од побарувањата односно 22% од реализацијата треба да се префрлат на ЈП Паркови и зеленило-Скопје согласно Одлука број 02-8800/7 од 08.10.1992 година на Работничкиот совет на ЈПК „Комуналец"-Скопје за поделба на претпријатието на повеќе правни субјекти. Поради погрешно евидентираните трошоци во сметководствената евиденција искажани се повеќе обврски спрема поврзани субјекти во износ од 71.820 илјади денари( за Комунална хигиена повеќе во износ од 83.048 илјади денари, а за Паркови и зеленило помалку во износ од 11.228 илјади денари), помалку побарувања од купувачи во износ од 4.054 илјади денари, повеќе трошоци во износ од 75.874 илјади денари, а со тоа и поголема загуба во износ од 75.874 илјади денари.

10.2.2. Со увид во документацијата врз основа на која се евидентирани побарувањата од купувачите граѓани за вода и смет е констатирано дека во сметководствената евиденција има побарувања од купувачи граѓани кои се застарени и треба да се отпишат но поради нецелосната усогласеност на состојбите искажани во Bilingot ( систем за изработка на сметки и наплата на побарувања од домакинства) и синтетичката евиденција ревизијата не е во состојба да го утврди соодветниот износ на истите како и износот на делот што припаѓа на ЈП Комунална хигиена –Скопје и ЈП Паркови и зеленило-Скопје.

**Препораки и мерки:**

1. Водовод и канализација да обезбеди доследно почитување на утврдените сметководствени политики и Мегународни сметководствени стандарди како критериуми за соодветно признавање и отстранување на елементите во финансиските извештаи.

2. Да се превземат активности за пропишување на соодветни политики за: начинот на извршување на корекции на изработените и доставените сметки до домаќинствата кои ќе оневозможат интервенции во историските податоци на Billing (систем за изработка на сметки и наплата на побарувања од домаконства) и усогласување на податоците во Billing-системот и податоците во трговските книги/сметководствената евиденција.

11. Ние не извршивме ревизија на останатите компоненти на финансиските извештаи на Јавното претпријатие Водовод и канализација за 2005 година.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 и 10.2 сметката вредносно усогласување на краткорочните побарување-граѓани содржана во дадениот преглед на Јавното претпријатие Водовод и канализација за 2005 година не дава вистинска и објективна слика заклучно со 31 декември 2005 година.

13. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Водовод и канализација во текот на ревизијата и известување за превземените мерки за дадените препораки и мерки на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2004 година:

13.1. По завршување на ревизијата Водовод и канализација изврши корекција на одредени состојби на сметките во трговските книги за 2005 година по дадена исправка од страна на ревизијата содржани во налог број 356/ Р3 која што за ефект од ревизијата има зголемување на Побарувањата од купувачите за износ од 4.054 илјади денари, намалување на Обврските спрема поврзани субјекти за износ од 71.820 илјади денари и намалување на загубата за износ од 75.874 илјади денари.

13.2. “Водовод и канализација“ превземал нецелосни мерки по дадените препораки и мерки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2004 година.

**Скопје, 16/01//2007 година** **Овластен државен ревизор**